ЗАВРШЕН ЗБОР

Бранител Ѕвонко Давидовиќ за предметот „Ореше“

Останувам на завршните зборови, само ќе потенцирам неколку работи по однос на извршеното прецизирање на обвинителниот акт и завршните зборови на обвинителството поради кој денес требаше неколку пати да погледнам во актот за да се потсетам, за што денес впрочем се одржува ова судење. Обвинителот кажа дека исказитена Ѓоре Петровски и Ордан Ѓеоргиевски се контрадикторни, дека соочувањата на Ѓоре, Соња и Вељо не успеаја да ја даде првообвинетиот својата одбрана онака како што сакаше и очекуваше обвинителството, сакаше и очекуваше максимално да изврши анализа на бурно реагирање на спротиставените страни и на крај сублимираше дека сето тоа значи дека обвинетите се виновни. Само неколку кривични дела од кои две се декриминализирани се докажуваат со искази и зборови. Убиството, а особено нарачано убиство, не е едно од тие кривични дела. Обвинителот на четири и пол години, а исто толку и притвор, не понуди ниту еден доказ за кој законот за вакво кривично дело бара. Наместо што се бавеше со анализа на зборови и рекла казала како да селото не се викаше Ореше не го збореше можеше овде да фрли оружје, парафински ракавици, пари, трансфер на пари, телефонски разговори, писма или телеграми, траги од лице место или макар очевидец на настанот, ниту еден од овие докази во предметот не се наоѓат ниту обвинителството понуди таков доказ. Наместо тоа, ни нуди искази на Вељо Арсовски кој што тргувал со оружје, а немал обвинение кој што неовластено без дозвола на истражен судија изнесувал притворено лице кое неовластено без дозвола и налог на истражен судија снимало удио и видео во просториите на затворот, е такви докази обвинителот цело време ни нуди за да докаже вакво кривично дело. Се обиде обвинителот на сличен начин да ја протури изјавата на Марјан Десков, но судот овој исказ даден во просториите на ОЈО го издвои од списите покрај овој сведок ОЈО ни нуди и се колне во вистинистоста на исказот на заштитениот сведок тврдејќи дека изјавите и тоа дадени пред ОЈО, истражниот судија и на двете на главен претрес се вистинити без притоа да ги има во предвид следните работи. Според изјавата на Златко Арсоски, но и признанието овде на обвинителот при даањето на изјавата во просториите на ОЈО седел инспектор до заштитениот сведок Бреза, во текот на истрагата е разрешен судија токму поради овој сведок, а на двата главни претреси Апелациониот суд во своето решение КЖ.бр.134/11 укажа на страна 6 дека загрозениот сведок по однос на оваа околност се разликува со неговиот исказ даден на записник во претходна постапка, а постојат и други разлики на кој веќе беше укажано од страна на овој суд. Токму околу вистинитоста и неконтрадикторноста на исказот на заштитениот сведок. Во текот на 2005 година е спроведена опсежна предкривична постапка во која се приведени повеќе лица, а за тоа доказите се наоѓаат во списите на предметот при што се пронајдени опушок 4 траги, влакна од животинско потекло и зрна, при тоа од приведените лица меѓу кои биле и двајцата обвинети Ордан и Љупчо се направени проби за постоење на честички и кај двајцата парафинската ракавица е негативна. Одземената облека не покажува присуство на барутни честички, а трагите од обувките не се совпаѓаат со оние на лице место. Го потсетувам судот дека во списите на

предметот токму од МВР е констатирано дека два пара траги се на Кољо Вељановски, а при неговото сослушување утврдиме дека другите два пара траги се на неговиот син и возачот на камионот во кој дента се товарени дрва. Опушок со нулта крвна крупа од женска група, но според крвната група ни според кодот не одговара на обвинетите што тогаш останува како доказ во предметот освен полиграфите кој се дискутабилни не само заради резултатот и веродостојноста на истиот туку поради законската одредба дека самостојно не претставуваат доказ туку само иниција и исказот на Вељо Арсовски за кого веќе зборувавме, обвинителот воопшто не го толкуваше исказот на Петре Цветковски кој е единствен сведок кој ги сместува обвинетите во с. Папрадиште во време кога обвинителството тврди дека истите биле во Ореше, но за тоа нема никаков доказ, поради сето ова му предлагам на судот обвинетите да ги ослободи од обвинение.